26145

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
Isečak iz lista
Newspaper cutting
СТУДЕНТСКИ ЗБОР
Скопје
- 3. III. 1980, 799, 14

ИЗЛОЖБИ

# ПОЕТИЧНОСТА НА РУБЕНС КОРУБИН

**Неодамна, со својата втора самостојна изложба се претстави сликарот Рубенс Корубин,** претставник на младата македонска ликовна генерација. Покрај повеќето негови поранешни, би рекле, парцијални претставувања на повеќегрупни изложби во земјата и во странство, а пред сè на годишните изложби на ДЛУМ, како и со неговата прва самостојна изложба (на цртежи и гвашеви, при крајот на минатата година) со неодамнешната изложба на слики во масло, тој веќе реално и подефинитивно ја потврди, дефинира и наполно ја претстави својата уметничка и творечка појава. За ликовната публика, затоа, не беше непознат и од порано, а за одбележување е и тоа што на последната годишна изложба на ДЛУМ му припадна и наградата „Нерешки мајстори".

**Рубенс Корубин им прапаѓа на оние млади македонски уметници на чии платна се чувствува не само соодветно освежување,** ами кои носат акценти на соодветно одморање, поточно на своевидно ослободување од преморесноста што ја внесуваат модерните и авангардни струења во нашата ликовна уметност. Кај него тоа и не е само резултат на учењето и зрелото творечко формирање на одредени текови во класичната европска уметност, како што најчесто се зборуваше, туку повеќе на своето лично визуелно, чувствено и општо формирање, на своето животно формирање во најрани години и на односот кон појавите на уште во тој период, природната склоност кон одредени феномени: светлостите, поетичноста, наместа лирски, а наместа трагично, па дури и епски интонирана, психолошкото проникнување итн , кои на платната сега се јавуваат оплеменети и учено усовршени од благородното дејствие на погореспоменатото. Таа новина, која, помеѓу ретките автори, во нашата млада ликовна уметност ја претставува и овој сликар, воедно е најсигурен залог за неговата натамошна творечка перспектива.

**Ликовните трагања на Рубенс Корубин се обележени од специфичните навраќања во светот на минатото,** на сопственото минато и на минатото во општа смисла, од инкарнацијата на сегашноста во минатото, но и на минатото во сегашноста.

Па сепак, ова е едно нерешено прашање во врска со мошне сложениот психолошки свет на овој сликар, посебно кога би посегнале по расветлувањето на природата на личностите кои се појавуваат на неговите платна. Но, ни оваа проблематика во целина, ни прашањето на личностите и другите предмети и појави во сликите на Р. Корубин, не се потполно тоа и не можат да се толкуваат посебно од она што е насловно интересирање во овој текст: длабоката и специфична поетска продуховеност и осмисленост во целокупниот фон на сликата, а и во мелодичната интонираност, во хармонијата на колоритот итн.

**Поетичниот слој во сликите на Р. Корубин** го сочинуваат, од една страна, главно, ретко наслутената и остварена смисла за проникнување во светлостите, како и ретко разиграниот колорит, а поставеноста во одреден фон и целокупната, наместа зачудувачка појава на личностите и предметите, од друга страна. Меѓутоа, не смееме да премавнеме дека ни „отвореноста" на светлостите, ни разиграноста на боите не означуваат секогаш и една оптимистичка постановка во сликата, ами повеќе токму спротивното. Затоа, на неговата слика со право согледуваат една „пријатна, тешка и лебдечка атмосфера" (Викторија Васев Димеска). Па пак станува актуелно прашањето за врските на творештвото на Р. Корубин со одреден простор во класичното европско сликарство. Бидејќи истото е далеку од недоволно за дефинирањето на индивидуалниот творечки простор и уметничка комуникација на овие остварувања, не смееме да заборавиме дека зад светлосните и колоритните рефлексии кои првенствено се претставуваат со изразита поетична нагласеност, ќе истакнеме дека тука е очигледно силна творечката комуникација со длабоките сфери на сопствената психологија, на сопствената потсвест, а оттука и сознанието за симболичките, како и за надреалистичките компоненти кај овој сликар и сето претставено во една индивидуална специфичност во нашата современа, посебно во нашата млада ликовна уметност.

Понатаму од ова искажување, доволен показ за истото би нашле само преку едно поширoко и аналитичко разгледување на светот и појавите, како и на квалификативната оствареност кај поедини слики од оваа изложба и од овој уметник.

● Н. РАДИЧЕСКИ